Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

Арх.бр. УП1-15 1052/2022

Дата 07.-06-.2022

Врз основа на член 88 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42, став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Пехчево, се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на нова и реконструкција на стара филтер станица за вода за пиење во Пехчево на КП 1715/2 и дел од КП 1715/1 и 4030 во КО Пехчево, Општина Пехчево.**

Површината на планскиот опфат изнесува 0,72 ha.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y12722** се составен дел на Решението.

3. Реализација на нова и реконструкција на стара филтер станица за вода за пиење во Пехчево на КП 1715/2 и дел од КП 1715/1 и 4030 во КО Пехчево, Општина Пехчево, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уредност, со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животна средина.

4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изградба на нова и реконструкција на стара филтер станица за вода за пиење во Пехчево, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животна средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

6. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметната документација за изградба на


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

нова и реконструкција на стара филтер станица за вода за пиење во Пехчево на КП 1715/2 и дел од КП 1715/1 и 4030 во КО Пехчево, Општина Пехчево, задолжително да се земат во предвид претходнонаведените забелешки, како и забелешките од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Пехчево, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 32/20), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УП 41922 од 22.03.2022 година до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот за изградба на нова и реконструкција на стара филтер станица за вода за пиење во Пехчево на КП 1715/2 и дел од КП 1715/1 и 4030 во КО Пехчево, Општина Пехчево. Површината на планскиот опфат изнесува 0,72 ha.

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Услови за планирање на просторот за изградба на нова и реконструкција на стара филтер станица за вода за пиење во Пехчево на КП 1715/2 и дел од КП 1715/1 и 4030 во КО Пехчево, Општина Пехчево, и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1052/2022 од 01.06.2022 година.

Услови за планирање на просторот за изградба на нова и реконструкција на стара филтер станица за вода за пиење во Пехчево на КП 1715/2 и дел од КП 1715/1 и 4030 во КО Пехчево, Општина Пехчево, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од "Просторниот план на Република Македонија", претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општата управна постапка ("Сл. весник на РМ" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение за **Услови за планирање на просторот за изградба на нова и реконструкција на стара филтер станица за вода за пиење во Пехчево на КП 1715/2 и дел од КП 1715/1 и 4030 во КО Пехчево, Општина Пехчево,** и одлучи како во диспозитивот.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk